Програма „Форуми во заедницата"
Community Forums Programme
Programi "Forume në bashkësi"

# ПРОГРАМА „ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦАТА"

# ГРАЃАНИТЕ ОДЛУЧУВААТ

## „БУЏЕТСКИ ФОРУМ"

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНАКА




НОЕМВРИ 2014
Билтен бр.
1

ЗЕЛС

ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

## ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Програмата **Форуми во заедницата** е воспоставена во 2006 година од страна на донаторот Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ). Таа е платформа за структурирана дискусија преку која граѓаните можат да учествуваат во креирањето на политиката на локалната власт.

Општината Крива Паланка за прв пат спроведуваше форум во текот на 2011 и 2012 година. Доброто искуство од проектниот форум што резултираше со спроведување на проектот „Реконструкција на дел од главната улица Св. Јоаким Осоговски на локалитет „Стара Чаршија" ја охрабри општината да конкурира повторно, овој пат за спроведување на буџетски форум.



Целта на **буџетскиот форум** е граѓаните да добијат целосен увид во приходите и расходите на општината и со свои предлози да учествуваат во креирањето на **општинскиот буџет за 2015 година**, во рамките на стратешкиот развоен план и приоритетите за развој на општината.

Покрај можноста да влијаат на креирањето на буџетот и носењето на одлуките, граѓаните добиваат можност да ги зајакнат своите капацитети со што подоцна, поинформирано ќе можат да ја следат работата на локалната самоуправа.

Резултатот од овој форум ќе биде усвоен општински буџет во консултација со граѓаните. Но придобивката нема да биде само тоа. Граѓаните кои учествувале во креирањето на буџетот се чувствуваат поподготвени да бараат отчет за спроведувањето на буџетот од страна на општинската администрација, а таа поодговорна за транспарентно спроведување на преземените обврски.

**Буџетскиот форум** има шест форумски сесии. На пет од нив, градоначалникот и општинската администрација, заедно со заинтересираните граѓани, презентираат, дискутираат и одлучуваат за распределбата на средствата од општинскиот буџет. На **шестата (последователна)** сесија пак,општината ќе поднесе отчет за реализираните програми и проекти, односнозаизвршувањетонабуџетот, восогласностсодонесенитефорумскиодлуки.

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРВАТА ФОРУМСКА СЕСИЈА

### ГРАЃАНИТЕ ГИ КАЖАА СВОИТЕ ПРИОРИТЕТИ ЗА 2015 ГОДИНА

Првата форумска сесија од буџетскиот форум во општина Крива Паланка се одржа на 11 ноември 2014 година, во ресторанот„Облаче". Граѓаните ги поздрави градоначалникот на општината, Арсенчо Алексовски. Тој изрази благодарност за поддршката од страна на Швајцарската агенција за развој и соработка и ги потсети граѓаните на успешно завршениот форум, кој резултираше со изградбата на главната улица „Свети Јоаким Осоговски"во делот на Старата чаршија. „Очекуваме дека успешно ќе го спроведеме и форумскиот процес за партиципативно и транспарентно изготвување на буџетот за 2015 година, кој ќе биде креиран во консултација со граѓаните", рече тој и додаде дека форумот е извонреден начин граѓаните да се запознаат со општинскиот буџет и да даваат свои предлози за




приоритетните буџетски програми и проекти. „Се разбира, со оглед на ограничените средства, сите ваши предлози нема да може да бидат прифатени", рече градоначалникот, „но добар дел од тие приоритети, поточно, оние кои се издржани и реални ќе влезат во општинскиот буџет за 2015 година".

На првата форумска сесија граѓаните имаа можност да се запознаат со процесот на буџетирање, структурата на буџетот на општина Крива Паланка, реализацијата на стратешкиот развоен план и приоритетите заразвој на општината за 2015 година.Како приоритети беа посочени зајакнувањето на локалната економија, промоцијата и привлекувањето на нови инвестиции, поддршката на малите и средни претпријатија, одржливо искористување на просторот и ресурсите во општината, развојот на туризмот, ставање на културното наследство и живата култура во функција на развојот на локалната економија и друго.

Се воспостави структурата на форумот и граѓаните се распоредија во девет работни маси на кои ќе се водат дискусиите за буџетот. Нивната прва дискусија се однесуваше на стратешките приоритети на општината.

Тие дадоа 27 свои предлози кои се однесува на проблемите со водоснабдувањето во високите зони, изградбата на локални улици и патишта, развојот на алтернативниот и селскиот туризам, збогатување на културните активности, подобрување на енергетската ефикасност, поддршката на младинските иницијативи итн. „Задоволство ми е што учествувам во буџетскиот форум преку кој ќе добијам јасна слика за буџетските трошоци и за тоа за каква намена се трошат парите што се реализираат како приход во општината", изјави Елена Спасовска од Граѓанскиот центар за одржлив развој „ЕГРИ". Таа смета дека локалната самоуправа, со овој форумски процес, покажува дека има волја да им даде можност на граѓаните да партиципираат во изготвувањето на буџетот и тие да одлучуваат за развојните приоритети на општината. „Особено сум заинтересирана за поддршка на граѓанските иницијативи и нивно вклучување во буџетските програми, па сметам дека во оваа област ќе го дадам својот придонес. Ова за мене ќе биде ново искуство и надградба на личните капацитети, што понатаму ќе ми користат за реализација на младински програми и подобрувањето на квалитетот на живот на младите", изјави Спасовска.



## СТРУКТУРА НА БУЏЕТОТ




Процесот на буџетирање и структурата на буџетот на општина Крива Паланка ги презентираше Татјана Ѓоргиевска, раководител на Одделението за финансиски прашања. Таа потенцираше дека буџетот на општината е годишен финансиски план, кој ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, самофинансирачките активности, донациите и заемите.

„Приходите за 2014 година изнесуваат 417.445.465 денари, кои се обезбедуваат од даночни, неданочни и капитални приходи, како и од трансфери и донации и од кредити“, рече во својата презентација Ѓоргиевска. Таа ги претстави и расходите, објаснувајќи ги по функции, сметки и програми, при што даде детален опис на основниот буџет, блок дотациите, буџетот од самофинасирачките активности, од донации и од кредити. Зборувајќи за планираните и за реализираните приходи и расходи за првите 6 месеци од 2014 година, таа истакна дека најмногу средства се издвоени за комунални дејности и за урбанистичко планирање.



„Има многу проблеми со кои се соочени граѓаните, но и организирани групи како граѓанските здруженија и месните заедници, а„Форумот во заедницата“ е вистинското место каде можат истите да ги презентираат и да побараат поддршка и решение за нив од страна на општината“, смета Михајло Колевски, пензионер и активист на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост „Порака“. „Особено е важно што ова не е било каков форум, туку токму буџетски форум, што значи дека на директен начин може да се интервенира одредени приоритетни потреби на граѓаните и групите од локалната заедница да станат дел од општинскиот буџет“, додаде тој и истакна дека не секогаш локалната самоуправа може да ги предвиди приоритетите, кои се особено значајни за населението, па форумот е извонредна можност тие предлози да бидат потенцирани и прифатени во буџетските програми.











## ИНФОРМАЦИИ ЗА ВТОРА ФОРУМСКА СЕСИЈА

### НОВИ ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОЛНЕЊЕ НА БУЏЕТОТ

Втората форумска сесија се одржа на 19 ноември 2014 година. Граѓаните имаа можност да се запознаат со планираните и реализирани приходи на општина Крива Паланка за 2014 година, како и за планираните приходи за 2015 година.

Татјана Ѓоргиевска, раководител на Одделението за финансиски прашања ги воведе граѓаните во начинот на обезбедување на приходите и истакна дека тие се обезбедуваат од сопствени извори,

од дотации на средства од буџетот на РМ и буџетите на фондовите, како и од донации од земјава и од странство и по основ на заеми. Детално објасни кои приходи од кои извори на средства се обезбедуваат, а потоа даде конкретни податоци за секој вид на приход и планираните и реализирани приходи по сметки. Беше заклучено дека најголем процент на реализација е постигнат по основ на блок дотациите и тоа за основното образование. Од приходите, пак, најголемо остварување на планираните приходи има кај даноците на специфични услуги.

Граѓаните се интересираа за тоа што спаѓа во даноци на специфични услуги, дали се очекува основниот буџет да се реализира како што е планирано, дали постои анализа при планирањето на буџетот, на што се должат потфрлувања во буџетот, односно, зошто се јавува голем ди-



сбаланс помеѓу планираните и реализираните приходи, што спаѓа во капитални приходи и од каде тие се остваруваат.

Ѓоргиевска напомена дека буџетот е план и дека во него се инкорпорирани желбите и потребите, но дека секогаш не можат во целост да бидат остварени. Општината прави напори да има што поголем процент на реализација, што сепак зависи од повеќе фактори и други објективни причини.




Славица Вучевска, пензионерка од Крива Паланка учествувала и во претходно спроведениот проектент форум, а активно се вклучува и во буџетскиот форум. „Како граѓанин имам интерес да се информирам како се изготвува и како се реализира општинскиот буџет, односно каде се трошат средствата со кои располага општината, а кои се наменети за подобрувањето на квалитетот на живот на жителите. Како директни или индиректни корисници на тие средства, секако дека имаме право и да одлучуваме за приоритетните програми и проекти и да предлагаме нови извори на приходи, кои ќе бидат од корист на локалната заедница", вели таа.



За Дарко Пешовски, секретар на општинската организација на Црвениот Крст, спроведувањето на буџетскиот форум е доказ дека локалната самоуправа има желба и волја да направи што пореален буџет со партиципативно учество на граѓаните. „Како претставник на граѓанскиот сектор, посебно ми е задоволство што преку форумот ќе можат да се слушнат и барањата на граѓанските организации на кои навистина им е потребна поддршка од општината за успешно спроведување на нивните програмски активности. Истовремено, се надевам дека дел од нашите предлози ќе се најдат во приоритетите за развој на општината за 2015 година", додаде тој.

Во дискусијата на работните маси, граѓаните предложија дополнителни извори на приходи за буџетот за 2015 година. Дел од нив беа: воведување на платен паркинг; воведување на туристичка такса за посета на културно-туристички локалитети; дел од таксата за собирање на шумски плодови да се издвојува за општинскиот буџет (25%); да се зголеми процентот на ДДВ што се издвојува за локалните самоуправи; зголемување на сувенирите наменети за продажба на туристите; дел од приходите на манастирот „Свети Јоаким Осоговски" да се слеваат во општинскиот буџет; донации од паланечки иселеници; воведување на такса за ЈП Македонски шуми за користење на локалната патна мрежа; привлекување на странски инвестиции итн.



## ГРАЃАНИТЕ ИЗБРАА ПРИОРИТЕТНИ ПРОГРАМИ



Раководителите на поединечните сектори во општината ги презентираа програмите за следната година. Беа презентирани вкупно девет буџетски програми. Никола Граматиков, раководител на Одделението за комунални дејности вели дека програмите од областа на комуналната дејност секогаш најмногу ги засегаат граѓаните, затоа што токму проблемите од основната комунална инфраструктура се најбројни и најприоритетни за нив. Ова особено важи за Крива Паланка како подрачје со голем број населени места, кои се од разбиен тип и не е лесно да се избалансираат потребите на сите жители. „Има многу приоритетни проекти и за голем дел од нив е потребен подолг период за реализација, почнувајќи од проектирање, преку обезбедување на финансиски средства, па се до конечна изведба и завршување. Затоа, буџетскиот форум, на кој ќе се предлагаат и гласаат приоритети во буџетските програми, е извонредна можност да се дискутира за нив и да се издвојат најоправданите и најреални проекти што општината ќе може да ги спроведе", додаде тој.

По презентацијата на сите девет буџетски програми, граѓанитегласаа и ги избраа петте приоритетни програми по кои понатаму на форумот ќе дискутираат. Најмногу гласови доби програмата за урбанистичко планирање, потоа програмата за уредување на градежно земјиште, на трето место, според гласовите, беше програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалната патна мрежа, а со ист број бодови, четврта и петта, беа програмите за култура и за социјална заштита.










# ИНФОРМАЦИИ ЗА ВТОРА ФОРУМСКА СЕСИЈА

## ГРАЃАНИТЕ ДИСКУТИРАА ЗА ЛОКАЛНАТА ПАТНА МРЕЖА, КУЛТУРАТА И ЗА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ



На третата форумска сесија, која се одржа на 25 ноември 2014 година, граѓаните се запознаа со расходите на општината и нивната реализација во изминатите три години. Раководителот на Одделението за финансиски прашања, Татјана Ѓоргиевска, ги запозна учесниците со расходите на општината за 2012, 2013 и за тековната 2014 година. Таа потенцираше дека расходите за оваа година се проектирани во износ од 417.445.465 денари од кои 416.845.465 се за утврдени намени, а останатите 600.000 денари за резерви. Поодделно беа претставени расходите по сметки и програми, а посебно се осврна на планираните и реализирани расходи до 30 јуни ова година.

Од страна на претставници од општината на граѓаните им беа презентирани програмите за Уредување на градежно земјиште, за Култура и за Изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа за 2015 година. По презентациите, учесниците давaa предлози за приоритетни проекти по овие програми. Од нивна страна беа предложени вкупно 48 проекти за кои сметаат дека треба да добијат предност при реализацијата на предвидените буџетски средства за идната година. Најмногу предлози имаше за изградба и уредување на локални патишта и улици, канализациони системи, санација на свлечишта и збогатување на културните манифестации.

По препорака на Работната група од страна на форумот беше прифатено на 4-та сесија да се дискутира и за Програмата за локален економски развој, заради тоа што со неа се опфатени сектори и проекти кои се од особено значење за развој на заедницата.




## ИНФОРМАЦИИ И КОНТАКТИ:

031/375-035
031/372-035
Факс: 031/375-035
031/372-035

ул. Свети Јоаким Осоговски бр. 175
1330 Крива Паланка

opkp@krivapalanka.gov.mk

www.krivapalanka.gov.mk